**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-1199/1

Скопје 16.03.2020г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Четврти седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно својата обврска од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, го доставува четвртиот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 9 до 15 март 2020 година.

Во него ве известуваме за следново:

- Со досегашниот мониторинг, кој започна на 17 февруари, не се констатирани прекршувања на Изборниот законик;
- На 6 март завршија јавните расправи за текстовите на Нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси и Нацрт-упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, а на 11 март заврши и јавната расправа за текстот на Нацрт-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година. Предлог за измени и дополнувања пристигна само за Нацрт-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање. Советот на Агенцијата ќе ги усвои трите документи пред почетокот на изборната кампања.
- На веб сајтот на Агенцијата, во банерот ИЗБОРИ 2020 е објавен преглед на пристигнати ценовници од радијата и телевизиите што извршија регистрација за емитување платено политичко рекламирање во Државната изборна комисија.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**